АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
Бр. 0202 – 187/13
09.03.2020
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 од Статутот на Црвениот крст на Република Северна Македонија Раководниот одбор на Црвен крст на РСМ на својата седница одржана на ден 04.03.2020 година донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Правилникот за методологија за утврдување на минимален број на членови во Општинските организации на Црвениот крст на РМ**

Член 1

Во Правилникот за методологија за утврдување на минимален број на членови во Општинските организации на Црвениот крст на РМ (бр. 0202-1287/6 од 25.12.2017 годинi и бр.0202-1127/3 од 14.12.2018 година) во називот и во сите одредби се заменуваат зборовите *Црвен крст на Република Македонија * **со зборовите *Црвен крст на Република Северна Македонија*,** односно *Црвен крст на РМ* **со зборовите *Црвен крст на РСМ*.**

Член 2

Во Правилникот член 3 се менува и гласи:

„Член 3

Во Црвен крст на РСМ утврдениот минимален број на членови во Општинските организации е 220 члена, а Општинските организации се распоредени по групи и тоа:

1. Прва група - до 50.000 жители - 220 членови

2. Втора група – до 100.000 жители - 440 членови

3. Трета група – до 150.000 жители - 660 членови

4. Четврта група - над 150.000 жители - 880 членови.“

Член 3

Во Правилникот член 4 се менува и гласи:

„Член 4

Во зависност од бројот на жители во единиците на локална самоуправа кои Општинската организација ги покрива во своето работење, распоредени по групи од член 3 став 1 на овој правилник општинските организации се распоредени во следните подгрупи:

**Прва група**

**Подгрупа :**

| | | |
|---|---|---|
| А) До 10.000 жители | - | 220 членови |
| Б) Од 10.001 до 20.000 жители | - | 265 членови |
| В) Од 20.001 до 30.000 жители | - | 310 членови |
| Г) Од 30.001 до 40.000 жители | - | 350 членови |
| Д) Од 40.001 до 50.000 жители | - | 400 членови |

**Втора група**

**Подгрупа :**

| | | |
|---|---|---|
| Ѓ) Од 50.001 до 60.000 жители | - | 440 членови |
| Е) Од 60.001 до 70.000 жители | - | 485 членови |
| Ж) Од 70.001 до 80.000 жители | - | 530 членови |
| З) Од 80.001 до 90.000 жители | - | 570 членови |
| Ц) Од 91.001 до 100.000 жители | - | 615 членови |

**Трета група -**

**Подгрупа :**

| | | |
|---|---|---|
| И) Од 100.001 до 110.000 жители | - | 660 членови |
| Ј) Од 110.001 до 120.000 жители | - | 705 членови |
| К) Од 120.001 до 130.000 жители | - | 750 членови |
| Л) Од 130.001 до 140.000 жители | - | 790 членови |
| Љ) Од 140.001 до 150.000 жители | - | 835 членови |

**Четврта група - (1)**

**Подгрупа :**

| | | |
|---|---|---|
| М) Од 150.001 до 160.000 жители | - | 880 членови |
| Е) Од 160.001 до 170.000 жители | - | 925 членови |
| Ж) Од 170.001 до 180.000 жители | - | 970 членови |
| З) Од 180.001 до 190.000 жители | - | 1010 членови |
| Ц) Од 190.001 до 200.000 жители | - | 1055 членови |

Над 200.000 жители минималниот број на членови е 1100 члена и подгрупите се определуваат на истоветен начин како во овој член.“

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседател,

проф. д-р Ромел Велев

ДН:

- ООЦК/ЦКГС
- Сектори/Одделенија
- Служба за финансии и ревизија
- Архива